*Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e aktiviteti dhënie të shërbimeve të trafikut ajror*

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-1626/1
05-12-2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ

# Инвестициона програма за 2023 година

***Ноември 2023 година***

“Босфор“ Бр.7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr.7, Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Инвестиционата програма на М-НАВ А.Д. Скопје за 2023 година ја опфаќа вкупната вредност на планираните инвестиции за 2023 година, појаснување за финасирањето на планираните инвестиции, како и одделен приказ на инвестициите финансирани со средства обезбедени со заем од ЕБОР и планираните инвестиции со сопствени средства и/или со подршка од домашни и меѓународни инвестиции. Воедно, даден е табеларен приказ на финансиската структура на инвестициите.

**Наслов**

**М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ**

**ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2023 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Референтен број:** | МНВ-810-103.09 | **Издание број:** | 1.0 |
| | | **Дата:** | 30.11.2022 |

**Извадок:**

"...Воедно, планираните инвестициони вложувања во нивниот вкупен износ претставуваат одлив на сопствените парични средства на Друштвото за 2023 година. Трошокот од инвестиционите вложувања во 2023 година ќе се искаже преку трошокот за амортизацијата во Финансискиот план на М-НАВ за 2024, 2025, 2026 итн. во зависност од амортизациониот период на инвестициите......"

**Клучни зборови:**

Договорот за заем склучен со ЕБОР, планирани инвестиции, сопствени средства, средства обезбедени со заем од ЕБОР, финансирање на инвестициите, амортизација, финансиска структура на инвестициите.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-1626/1
05 - 12 - 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил | Филип Трандафиловски<br><br>Раководител на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | 02.12.2022 |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br><br>Шеф на Отсек за квалитет-безбедност во Одделение за безбедност, обезбедување и квалитет | 02.12.2022 |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br><br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна навигација | 02.12.2022 |
| | Владко Крстевски<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна техника | 02.12.2022 |
| | Migjen Salmani<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | 02.12.2022 |

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација АД Скопје
М-НАВ M-NAV SHA Shkup
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror

## СОДРЖИНА


1. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ........ 5
2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2022 ГОДИНА ........ 5
3. ИНВЕСТИЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ СО ЗАЕМ ОД ЕБОР/ЛОКАЛНА БАНКА ........ 6
4. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ........ 8
5. ФИНАНСИСКА СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ........ 9

## 1. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ

**ПЕРИОД: 2023 ГОДИНА**
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 551 869 856,41 ДЕНАРИ**

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2023 ГОДИНА

Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), Владата на Република Северна Македонија го формира Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста Давање услуги во воздухопловната навигација - "М-НАВ" А.Д. Скопје, и истото е запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 04.06.2009 година.

Како трговско друштво, согласно член 469 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.290/20 и 215/21), М-НАВ А.Д. Скопје има обврска да подготвува и поднесува извештаи во согласност со меѓународните сметководствени стандарди објавени во "Службен весник на РМ" бр. 159/2009 согласно кои Друштвото ги подготвува своите финансиски извештаи врз основа на принципите на сметководственото начело на принципот на пресметковна основа.

Ова подразбира дека М-НАВ А.Д. Скопје со неговата регистрација во 2009 година како акционерско друштво кое има сопствени извори на приходи, средствата за инвестициони вложувања не ги планира во вкупен износ како расходна ставка во Финансискиот план на Друштвото, туку истите согласно одредбите од Законот за трговски друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување - **трошокот од инвестиционите вложувања се искажува преку амортизација, т.е. како расходна ставка во Финансискиот план се признава само делот врз основа на пресметаната амортизација на истите.**

Воедно, планираните инвестициони вложувања во нивниот вкупен износ претставуваат одлив на сопствените парични средства на Друштвото за 2023 година. Трошокот од инвестиционите вложувања во 2023 година ќе се искаже преку трошокот за амортизацијата во Финансискиот план на М-НАВ за 2024, 2025, 2026... година во зависност од амортизациониот период на инвестициите.

Со цел надминување на финансиските потешкотии на М-НАВ АД Скопје, како последица на пандемијата со Ковид-19 којашто имаше директни импликации врз воздушниот сообраќај, Друштвото со цел рефинансирање и затворање на тековниот Договор за заем склучен со ЕБОР (Оп.Бр.44067) на 24.09.2013 година за финансирање на „Проектот за модернизација на М-НАВ/Надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација" – без државна гаранција на износ од 11 150 000 евра, потпиша два нови договори: Договор за заем со ЕБОР (Оп.Бр.53184) во вкупен износ од 9 770 000 евра и Договор за одобрување на долгорочен кредит со Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 5 000 000 евра - истите без државна гаранција, за што е добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Согласно горенаведеното, М-НАВ А.Д. Скопје со расположивите средства обезбедени со заем од ЕБОР, како и од сопствени средства и/или со подршка од домашни и меѓународни институции притоа водејќи сметка за целосната усогласеност на паричните текови и ликвидноста на претпријатието, во 2023 година планира да реализира инвестициони вложувања во вкупен износ од 551 869 856,41,00 денари.**

Намената на планираните инвестиции и изворите на финансирање се наведени во Точка 3 и Точка 4 подолу.

## 3. ИНВЕСТИЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ СО ЗАЕМ ОД ЕБОР/ЛОКАЛНА БАНКА

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 478 192 856,41 ДЕНАРИ**

| | Назив на проект / активност | Краток опис и статус на реализација | Предвиден буџет за 2023 година |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Набавка на нов АТМ Систем, вклучувајќи и техничко оперативна сала за истиот** | АТМ Системот е примарен систем преку кој се остварува основаната услуга на М-НАВ А.Д. Скопје, т.е. давање на услуги на воздухопловна навигација во воздушниот простор на Република Северна Македонија, со цел безбедно, редовно и ефикасно одвивање на воздушниот сообраќај.<br><br>Договор за набавка, инсталирање и тестирање на нов АТМ систем, вклучувајќи и техничко-оперативна сала, во износ од 484.551.000,00 денари е потпишан со Leonardo на 14.12.2018. Во досегашната реализација се комплетирани: подготовката на документација, прилагодувањето на системот, обуката на техничкиот и оперативниот персонал на М-НАВ, како и процесот FAT (Factory Acceptance Test). Преостанатите минорни забелешки од ова тестирање ќе бидат отстранети пред испораката на системот која се очекува 2022 година.<br><br>Во однос на делот од проектот кој се однесува на изведбата на градежниот дел, во текот на декември 2021 година од Leonardo пристигнаа дополнителни проценети трошоци за реализација на зградата кои произлегуваат од разликите помеѓу Идејниот и Основниот проект за изградба на техничко оперативната зграда како дел од Договорот за набавка на АТМ системот. Од страна на М-НАВ, како одговор, беше доставено барање до Leonardo за повторно разгледување и разложување на вкупната понудена цена на одделни ставки. На локацијата започнаа градежни активности во законскиот рок од Одобрението за градење издадено од Министерството за транспорт и врски, но беа привремено стопирани се до носење на конечна одлука од страна на УО на М-НАВ околу усогласување на дополнителните проценети трошоци за целосна реализација. Како резултат на неколкуте одржани состаноци помеѓу Управниот одбор на М-НАВ и претставници на Леонардо со цел надминување на разликите во поглед на трошоците, изготвен е Change order CO-H-002, одобрен од страна на ЕБОР и потпишан од страна на М-НАВ, додека се уште се чека потпишување на овој документ од страна на Leonardo. По потпишување на овој документ, ќе следи продолжување на градежните активности, предвидени да завршат во последното тромесечје на 2023 година.<br><br>Финализирање на проектната компонента за АТМ системот, вклучувајќи ја и техничко-оперативната сала е предвидено до крајот на 2023 година.<br><br>Реализацијата на овој проект започна во рамки на Договорот за заем Оп.Бр.44067, а ќе продолжи во рамки на новиот Договор за заем, Оп.Бр.53184. | 300 925 527,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | **VHF радио систем и микробранов линк** | ВХФ системот е Систем за радиотелефонија со воздухопловите, кој преку систем за радиоврски работи во фреквентниот опсег наменет исклучиво за таа намена. Со овој проект треба да се замени постоечката радио опрема и преносен систем со нов.<br>Договор за набавка и Амандман бр.1 на Договорот потпишан е на 11.03.2019 година во вкупен износ од 47.850.355,00 денари со инофирмата Park Air Systems. На 08.02.2021 е потпишан Амандман бр.2 со што е овозможено продолжување на имплементацијата на договорот, како резултат на задоцнувањата предизвикани поради пандемијата со Ковид-19. Во периодот јуни-септември 2022 година се завршени градежните активности и инсталацијата на опремата, како и SAT (Site Acceptance Test), но поради делумната успешност на истиот и ограничената достапност на локацијата Солунска Глава, извршувањето на неопходните минорни активности за усогласување, а со тоа и конечна финализација на овој проект ќе бидат во мај-јуни 2023 година.<br>Реализацијата на овој проект започна во рамки на Договорот за заем Оп.Бр.44067, а ќе продолжи во рамки на новиот Договор за заем, Оп.Бр.53184. | 13 894 920,09 |
| **3.** | **Систем за комутација на говорни канали Voice Communication System (VCS)** | VCS системот е еден од основните системи преку кои се остварува комуникација на контролорот на летање со воздухопловите, но и со соседните центри за контрола на летање. Новиот систем би станал главен систем преку кој ќе се одвива комуникацијата во контролата на летање, а постоечкиот би имал улога на резервен систем.<br>По спроведена постапка за набавка согласно правилата на ЕБОР и по добивање одобрување (No objection) од страна на ЕБОР, Rohde&Schwarz од Австрија, беше прогласена за победник на тендерот. Потпишување на Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа за VCS системот во износ од 37.705.000,00 денари беше извршено на 20.05.2022, по што започнаа активностите за реализација на истиот. Предвидено е проектната компонента за нов VCS систем да биде финализирана во вториот квартал на 2023 година.<br>Реализацијата на овој проект започна во рамки на Договорот за заем Оп.Бр.44067, а ќе продолжи во рамки на новиот Договор за заем, Оп.Бр.53184. | 30 164 414,84 |
| **4.** | **Набавка, инсталација и пуштање во работа на нов Mode-S секундарен набљудувачки радар (Mode-S Enhanced Surveillance Ground Station Implementation)** | Со овој систем ќе се замени постоечкиот дотраен радарски систем Томсон, а воедно значително ќе се зголеми доверливоста на радарските податоци која директно би влијаела на капацитетот и безбедноста на воздушниот сообраќај кој се одвива на небото на Република Северна Македонија.<br>По припремање на целосната документација во формат соодветен на е-порталот за набавки на ЕБОР (ECEPP), добиено е одобрување (No objection) од страна на ЕБОР за истата. На 14.06.2021 започна првата фаза од тендерот, со објавување на Покана за поднесување на понуди на ECEPP. По одобрување | 133 207 994,48 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од страна на ЕБОР за Извештајот кој се однесува на пристигнатите понуди, на 21.01.2022 започна втората фаза од тендерската постапка. Истата заврши на 28.09.2022 со одобрување од страна на ЕБОР на Евалуациониот извештај за втората фаза. Во тек е потпишување на договорот со прворангираната компанија. Предвидено е проектната компонента за нов Mode-S радар да биде финализирана до крајот на третиот квартал на 2023 година.<br><br>Реализацијата на овој проект започна во рамки на Договорот за заем Оп.Бр.44067, а ќе продолжи во рамки на новиот Договор за заем, Оп.Бр.53184. | |
| | | **Вкупно** | **478 192 856,41** |

## 4. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 73 677 000,00 ДЕНАРИ**

| | Назив на проект / активност | Краток опис и статус на реализација | Предвиден буџет за 2023 година |
|---|---|---|---|
| 1. | **Набавка на AIP и ADQ софтвер** | Со набавката на овој софтвер ќе се исполнат барањата на Европската Регулатива (ЕУ) Бр.73/2010 во поглед на квалитетот на воздухопловните податоци и информации, односно точноста и интегритетот на истите. Барањата се однесуваат на системите и процедурите вклучени во создавањето, чувањето, управувањето, процесирањето и преносот на податоците и информациите. | 7 380 000,00 |
| 2. | **Набавка на AFTN/AMHS** | Набавката на овој систем ќе овозможи најсовремено решение за пренос на пораки кои се однесуваат на безбедноста во воздухопловната навигација и редовното, ефикасното и економичното вршење на услугите. Главни корисници на овој систем се AIS, MET, ATFM и SAR службите.<br><br>Со воведувањето на овој систем се зголемуваат брзината, капацитетот, доверливоста, безбедноста, функционалноста и интероперабилноста на системите. | 44 772 000,00 |
| 3. | **PBN решение / DME-DME концепт** | Со набавката на дополнителни DME (Distance Measurement Equipment) уреди, ќе се овозможи воведувањето на DME-DME концептот, како дел од Националниот план за имплементација на PBN (Performance Based Navigation). Со воведувањето на PBN решението ќе се овозможи поефикасно користење на можностите на современите воздухоплови при пружањето на услуги на воздухопловна навигација, односно подобрена безбедност, зголемен капацитет на воздушниот простор, како и намалена потрошувачка на гориво, а со тоа и водење грижа за зачувувањето на природата. | 21 525 000,00 |
| | | **Вкупно** | **73 677 000,00** |

## 5. ФИНАНСИСКА СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | **СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ** | **ОСТВАРЕНО за 2022 година[1]** | **ПЛАНИРАНО за 2023 година** | **ОСТВАРЕНО за 2022 година** | **Споредбена анализа остварено 2022/остварено 2021 (%)** | **Споредбена анализа остварено 2022/планирано 2022 (%)** | **Структурна Анализа 2022 година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1. | Прелети | 1.082.109.468,42 | 1.051.719.062,83 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. | Терминални услуги | 136.506.752,63 | 164.800.412,57 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. | **Вкупни оперативни приходи** (1 + 2) | **1.218.616.221,05** | **1.216.519.475,40** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Останати приходи | | | | | | |
| 4. | Останати услуги | 10.921.277,92 | 12.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. | **Вкупно останати приходи** (4) | 10.921.277,92 | 12.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6. | **Вкупно приходи** (3 +5) | **1.229.537.498,97** | **1.228.519.475,40** | 0 | 0 | 0 | 0 |

[1] При искажувањето на реализираните приходи за 2022 година, од причина што во моментот на изготвување на Финансискиот план за 2023 година тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелни податоци заклучно со 30.09.2022 година. За четвртиот квартал од 2022 година се користени планираните приходи од Финансискиот план за измена на годишниот финансиски план за 2022 година на Друштвото.

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за 2022 година[2] | ПЛАНИРАНО за 2023 година | ОСТВАРЕНО за 2022 година | Споредбена анализа остварено 2022/остварено 2021 (%) | Споредбена анализа остварено 2022/планирано 2022 (%) | Структурна Анализа 2022 година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1. | Трошоци за вработените | 804.788.558,90 | 863.124.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. | Материјални трошоци | 65.404.601,04 | 176.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. | Нематеријални трошоци | 52.941.867,71 | 102.997.550,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4. | Амортизација | 45.000.000,00 | 45.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4) | **968.135.027,65** | **1.187.121.550,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **Останати раходи** | | | | | | |
| 6. | Останати трошоци од работењето | 8.901.469,95 | 6.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7. | Финансиски трошоци | 22.428.054,14 | 28.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8. | **Вкупно останати расходи** (6 + 7) | **31.329.524,09** | **34.000.000,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 9. | **Вкупно расходи** (5 + 8) | **999.464.551,74** | **1.221.121.550,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |

[2] При искажувањето на реализираните расходи за 2022 година, од причина што во моментот на изготвување на Финансискиот план за 2023 година тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелни податоци заклучно со 30.09.2022 година. додека за преостанатиот период од 2022 година се користени планираните расходи од Финансискиот план за измена на финансискиот план на Друштвото за 2022 година.

.

| | ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ | ИЗНОС на основица | ИЗНОС на камата | Каматна стапка | Износ на тримесечен ануитет | Вкупно исплатено | Преостанат долг | Преостаната камата | Времетраење (од - до, Вк. години) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ** | | | | | | | | |
| 1 | **Вкупно краткорочни кредити (1)** | **0** | **0** | | **0** | **0** | **0** | **0** | |
| | **ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ**[3] | | | | | | | | |
| 2 | Кредит од ЕБОР | 170.938.884,69 | 1.513.660,60 | 3.75 | 4.419.888,95 | 23.734.198,18 | 565.584.328,01 | 0 | 0 |
| 3 | Кредит од Комерцијална банка | 150.590.366,78 | 789.811,64 | 2.1 | 2.306.250,00 | 12.384.246,58 | 295.115.753,42 | 0 | |
| 4 | **Вкупно долгорочни кредити (2)** | **321.529.251,47** | **2.303.472,24** | | **6.726.138,95** | **36.118.444,75** | **860.700.081,44** | 0 | |
| 5 | **Вкупно (1 + 2)** | **321.529.251,47** | **2.303.472,24** | | **6.726.138,95** | **36.118.444,75** | **860.700.081,44** | **0** | |

[3] Основицата е земена со состојба 31.12.2022 година на обврската на повлечените средства од заемот и од таа состојба се пресметани ануитетите квартално. Начинот на пресметката на ануитетите по квартали се прави согласно повлекувањата на средствата од кредитната линија и во текот на 2023 година тие ќе бидат променливи за што ќе се известува на квартално ниво во 2023 година.